Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**
Биро за јавна безбедност
СВР -Велес, ПС Велес
Рег.Бр. 23.23.51-692/2

Велес, 14 02 2025 2025 г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 19-02-2025
25 - 687/2

**ДО Претседател на Совет на општина Велес**
**Ул. Панко Брашнар бр.1 Велес**

*Врз основа на барање бр. 23.23-692 од 23.01.2025год. Сектор за внатрешни работи Велес при Министерството за внатрешни работи на РСМ го издава следното:*
*Врска: Ваше известување со бр.25-687/1 од 23.01.2025год.*

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

СВР Велес,ПС ОН Велес Ве известува дека предлог акт кој треба да биде предмет на разгледување пред членовите на Советот на општина Велес во 2025 година, е „Информација за работа на полициска станица Велес за 2024 година".

Со цел навремено планирање на работата на Советот на општина Велес во прилог ви ги доставуваме табелата со актот кој треба да биде предмет на разгледување пред членовите на Советот на општина Велес во 2025 година и „Информација за работа на полициска станица Велес за 2024 година".

**Со почит,**
**Началник на СВР Велес**
Бране Паласков

Подготвил: Заменик командир на ПС ОН Велес Стојанче Тембелески
Контролирал: Командир на ПС ОН Велес Ненад Дејаноски
Согласен: Началник на ОП СВР Велес Игор Ѓоргоски


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Панко Брашнаров 6б Велес Република Северна Македонија
+389 43 229 438
www.mvr.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 21 -02- 2025
| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 25- | 1358/1 | 1 | |

Достапно за: Совет на општина Велес и ПС ОН Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ ВЕЛЕС
В Е Л Е С

Ев.бр. 23.23.5.1-470/1
дата:_______________год

изготвено во 2 (два) примерока

# ИНФОРМАЦИЈА

За работа на полициска станица Велес за

2024 ГОДИНА

Јануари 2025 година

# Содржина:


Легенда на кратенки....3

1. Безбедносна состојба....4

2. Приоритети на ПС ОН Велес....4

    2.1 ЈРМ....4

3. ЗБСП и ЗВ....9

4. Јавен Поредок....9

    4.1. Закон за приватно обезбедување....9

    4.2. Закон за оружје....10

    4.3. Закон за јавна чистота....10

    4.4. Закон за лична карта....10

    4.5. Закон за живеалиште и престојувалиште на граѓанинот....10

    4.6. Закон за спречување насилство на спортски напревари....10

5. Криминалитет....11

6. Останат работи....13

7. Превенција....16

Легенда на кратенки

- МВР – Министерство за внатрешни работи
- БЈБ – Биро за јавна безбедност
- СВР – Сектор за внатрешни работи
- ОУП СПРОН – Оддел за униформирана полиција Сектор за полициски работи од општа надлежност
- КПУ – Казнено поправна установа
- ОП – Одделение за полиција
- ПС ОН – Полициска станица од општа надлежност
- ПС за БПС – Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај
- ПО – Полициско одделение
- ПК – Полициска канцеларија
- ОКП – Оддел за криминалистичка полиција
- ОКП ОНТ – Оддел за криминалистичка полиција Одделение за недозволена трговија
- ОКП ОЕК – Оддел за криминалистичка полиција Одделение за економски криминалитет
- ОКП ООК – Оддел за криминалистичка полиција Одделение за општ криминалитет
- ЈРМ – Јавен ред и мир
- УПС – Униформиран полициски службеник
- ВБР – Водич на безбедносен реон
- ЗППЈРМ – Закон за прекршоци против јавниот ред и мир
- КЗ – Кривичен законик
- ЗЗИС – Закон за игрите на среќа
- ДПИ – Државен пазарен инспекторат
- УЈП – Управа за јавни приходи
- МТС – Материјално технички средства
- ЗБСП – Закон за безбедност на сообраќајот и патиштата
- ЗВ – Закон за возила
- ОА – Оперативна акција

## 1. БЕЗБЕДНОСНА СОСТОЈБА

Безбедносната состојба на подрачјето на ПС ОН Велес беше доста поволна, а вкупните општествено – економски, политички и социјални услови, како и влијанијата на разни фактори условија присуство на класични облици на криминалитет но истите не предизвикаа посериозни импликации и нарушувања на севкупната безбедносна состојба.

Актуелна и многу сериозна беше состојбата со хибридните напади и дојавите за поставени експлозивни направи во многу училишта во државата. На нашето подрачје не беше регистриран ниту еден настан на ваков вид дојава и наставниот процес се одвиваше без проблеми.

Не се регистрирани тензии на меѓуетничка основа, и оваа проблематика скоро целосно одсуствува .

Немаше покарактеристични протести или штрајкови на подрачјето на ПС ОН Велес, а нарушувањата на ЈРМ и КД со елементи на насилство не се одразија негативно на безбедноста и сигурноста на граѓаните.

## 2. ПРИОРИТЕТИ НА ПС ОН ВЕЛЕС

Приоритети на ПС ОН Велес во 2024 година беа одржувањето на стабилен ***јавен ред и мир*** и одржувањето на ***криминалитетот*** на ниско ниво со посебен акцент на намалување на прекршоците и кривичните дека со елементи на насилство.

Реализирање на мерките и активностите кои со конкретните планови се предвидени и планирани по актуелните ***оперативни акции, криминалистички контроли и криминалистички обработки.***

Обезбедување стабилен ЈРМ, безбедноста на учениците и сите вработени во училиштата а поврзано со хибридните напади кои се случуваа на територијата на целата држава.

### 2.1 ЈАВЕН РЕД И МИР

ПС ОН Велес во текот на 2024 година работеше на обезбедување и одржување стабилен ЈРМ на целото станично подрачје и се преземаа мерки и активности за реализација на приоритетите определени со Годишната програма, месечните планови, актуелните телеграми од БЈБ како и оние кои тековно ги добивавме и секако задачите кои се добиваа од повисоките старешини.

Со професионален и коректен однос на УПС кон граѓаните, законита примена на овластувањата и поголемо присуство и зголемена подвижност на теренот од страна на УПС се зголеми превентивното дејствување и се работеше на зајакнување на довербата на граѓаните во полицијата.

По секое нарушување на ЈРМ се постапува веднаш од страна на УПС на терен како и од страна на ВБР и Сменоводителите. За секое нарушување кое не се расветли во краток временски период, од страна на надлежниот ВБР се изготвуваа конкретни планови со мерки и активности за расветлување на истите.

Во текот на 2024 година приоритет на ПС ОН Велес беше зголемување на ***безбедноста во училиштата***, посебно во делот со нарушувањата помеѓу ученици од типот на меѓуврсничко насилство, различна етичка и верска припадност и воспоставување на однос на доверба и соработка со учениците и вработените во училиштата. Од страна на позорната служба и групите за интервенција се обезбеди присуство на УПС во училишните дворови пред почетокот, за време на големите одмори и по завршувањето на наставата.

Училиштата најмалку еднаш неделно се посетуваа од страна на ВБР или сменоводителите, а по потреба од страна на командирот, заменикот или помошникот командир се остваруваа средби со директорите или педагозите во училиштата.

Актуелна и многу сериозна беше состојбата со хибридните напади и дојавите за поставени експлозивни направи во многу училишта во државата.

Во содејство со ПС за БПС Велес и ОКП Велес се реализираа плански акциски контроли согласно насоките од инструктивните телеграми до БЈБ - МВР заради зголемување на безбедноста на учениците пред, за време и по завршувањето на наставата.

Безбедноста на учениците и вработените во училиштата на подрачјето на ПС ОН Велес беше на задоволително ниво, при што се регистрирани 2 нарушувања на ЈРМ во училиштата, за разлика од 2023 година кога се регистрирани 5 нарушувања на ЈРМ.

Активностите на ПС ОН Велес во врска со **угостителските објекти** (согласно член 4,5,6,8 и 21 од ЗППЈРМ и чл. 204 од КЗ на РСМ и чл. 20 од ЗЗИС), беа насочени кон одржување на ЈРМ во објектите, контрола на точење алкохолни пијалоци на малолетници и пијани лица, присуство на малолетници во угостителските објекти после 24.00 часот и спречување на нарушување на ЈРМ со гласна музика и бучава. Посебно внимание се посвети на ЈРМ на просторот кај угостителските објекти на ул. Благој Ѓорев и другите угостителски објекти на подрачјето на градот за кои во изминатата 2022 година почесто беа пријавувани поплаки и поднесувани иницијативи од граѓаните.

Се вршеше мерење на бучавата со фонометар и се засилија контролите во сите угостителски објекти на целото станично подрачје и се постапуваше по сите пријави и поплаки од граѓани за реметење на мирот со бучава.

Се реализираа акциските контроли во угостителските објекти планирани со плановите и инструктивните телеграми за постапување по приоритетите од ОУП - СПРОН за што се изготвуваа конкретни планови од страна на помошник командирот на ПС ОН Велес. Во реализација на истите се ангажираше и старешинскиот кадар на ПС ОН Велес, инспектори од криминалистичката полиција и крим техничари, а се ангажираат и инспектори од ДПИ и УЈП.

Реализирани се вкупно 10 редовни контроли во угостителски објекти, додека акциски контроли извршени се 43.

Во угостителските објекти регистрирани се 11 Нарушувања на ЈРМ, сите се расветлени и поднесени се соодветни пријави, за разлика од 2023 година кога имало 23 прекршоци.

ПС ОН Велес превзеде 349 мерки и активности за безбедно одвивање и ***вонредно обезбедување*** на сите митинзи, собири на граѓани, манифестации согласно ЗППЈРМ и Законот за спречување насилство на спортски натпревари, од кои извршено е ВО на 245 спортски натпревари и регистриран е 1 инцидент за кој е поднесено и соодветна прекршочна пријава..

Извршени се 41 ***посебни обезбедувања*** на личности по разни основи (работни посети, посети на институции, стопански објекти и др.) кои престојуваа на подрачјето на ПС ОН Велес и притоа не се регистрирани никакви инциденти. Овие обезбедувања беа реализирани врз основа на конкретни планови со мерки, извршители, рокови и МТС потребни за реализација на истите.

Групата за интервенција, позорните и патролните служби, се насочуваа проактивно, на одржување на стабилен ЈРМ, со видливо присуство на терен и поголема мобилност и активност со цел превентивно делување, како и примена на овластувањата и санкции спрема прекршителите.

Беше зголемено присуството на старешинскиот кадар на теренот, а ВБР и сменоводителите секојдневно беа присутни на теренот со цел обучување и укажување на помош на УПС посебно младите полициски службеници, приправниците и кандидатите за полицајци.

Достапно само за: Совет на општина Велес и ПС ОН Велес

Вкупно пријавени прекршоци против ЈРМ во ПС ОН Велес - **144** прекршоци, ПК Градско - 3 прекршоци и ПК Богомила - 6 прекршоци или вкупно 153 прекршоци.

Во текот на 2024 година регистрирани се следниве нарушувања на ЈРМ:

| **Вкупно пријавени прекршоци по ЈРМ** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр | | 2023 | 2024 | Ред.бр | | 2023 | 2024 |
| 1 | Карање и викање чл. 4 | **17** | **27** | 21 | Питачење чл. 24 | 1 | |
| 2 | Кршење на чаши/шишиња чл. 5 | **1** | **5** | 22 | Играње комар чл. 25 | | |
| 3 | во пијана сост. и се оддава на пијанство чл. 6 | **14** | **17** | 23 | Кој го ремети ЈРМ во заеднички простории чл. 26 | 3 | |
| 4 | Малтрет. на друг во стан и пред. интервенција.чл.7 | | | 24 | Оштетување на јавни објекти чл. 27 | | |
| 5 | Гласна музика чл. 8 | **11** | **5** | 25 | Заштита при работа чл. 28 | | |
| 6 | Борба со животни чл. 9 | | | 26 | Фрлање на опасни предмети чл.30 | | |
| 7 | Омалов. навредув. и заг. на сигурноста на друг чл. 10 | 1 | | 27 | Пукање од огнено оружје чл. 31 | 3 | |
| 8 | Тепачки чл. 11 | **25** | **23** | 28 | Не овластен.огномет чл.32 | | |
| 9 | Физички напад чл. 12 | **60** | **60** | 29 | Нарушување на ЈРМ во угост. објект чл.33 | | **1** |
| 10 | Омаловажување на ОСЛ/УПС чл. 13 | **10** | **5** | 30 | Занемарување на грижа чл. 34 | | |
| 11 | Не почитување на наредба чл. 14 | 1 | | 31 | Поднесени барања по ЈРМ | **131** | **112** |
| 12 | Не почитување на наредба чл. 15 | | | 32 | Број на прекршоци за кои се поднесени барања | **146** | **131** |
| 13 | Лажно пријавување чл. 16 | **4** | **7** | 33 | Не расв. прекршоци по ЈРМ | **3** | **2** |
| 14 | Оштетување на споменик чл. 17 | | | 34 | Сторители ВКУПНО по поднесени барања | **206** | **161** |
| 15 | Подбив на држ. симболи чл. 18 | 1 | | 35 | Сторители малолетни | **8** | **8** |
| 16 | Проституција чл. 19 | | | 36 | Посредување со малолетници | **2** | |
| 17 | Уживање на наркотици чл. 20 | **2** | **1** | 37 | Нарушен ЈРМ во училиште | **5** | **2** |
| 18 | Малолетници во УО после 24.00 час чл. 21 | **3** | **2** | 38 | Нарушен ЈРМ во угостителски објект | **23** | |
| 19 | Порнографија чл. 22 | | | 39 | Нарушување на ЈРМ за време на спортски натпревар | **1** | |
| 20 | Лажно представување чл. 23 | **1** | | | | | |

Од нарушувањата на ЈРМ најчести беа физичките напади 60, тепачките 23 и нарушен ЈРМ со карање, викање, дрско и непристојно однесување 27.

Во 2024 година останаа 2 ***нерасветлени нарушувања на ЈРМ***, изготвени се планови за расветлување на истите и останува во текот на 2025 да се реализираат сите задачи за расветлување. Ќе се планираат и ќе се реализираат дополнителни мерки и активности за расветлување и целосно документирање на нерасветлените нарушувања на ЈРМ од 2024 година:

- На ден 15.08.2024 год. во 20.30 час. неповикано во ПС ОН Велес дојде лицето Ангелина Диковска од Велес ул. 11ти Октомври бр. 13/1-12 и пријави дека вечерва на ден 15.08.2024 година во околу 20.00часот додека пријавителката била на касата во бутик Синсеј лоциран на ул. Илинденска предупредила НН женско лице високо околу 1.60см, со црна коса црн тен на кожа, крупна конструкција облечена во црни облека со цел да го запази редот, на тоа НН лицето и одговорила дека го има запазено редот, откако пријавителката излегла од бутикот на скалите била пресретната од НН лицето која започнала да вика по пријавителката со зборовите (која си ти да ми викаш да го запазам јас редот) на што пријавителката изненадена и вратила со зборовите (што ти е на тебе девојче) по што НН лицето најпрво ја фатила за блузата и започнала да ја влече и во еден момент ја одбутнала во пределот на градите по што пријавителката се удрила во оградата од терасата при што и се нанесени гребаници на левата рака во пределот над лактот, за кратко време пристигнал НН машко лице кое се претставило дека и е сопруг на пријавената и истиот ги отргнал за да не настане поголем проблем и откако пријавитеката започнала да вика дека ќе пријави во полиција истите избегале во НН правец.

-На ден 03.11.2024 год. во 22.50 час во ИМП Велес лицето Сабри Усеинов со МБ:[redacted] од Велес ул. Васил Иљовски бр. 66 на УПС од ПС ОН Велес им пријавил дека на 03.11.2024 год. околу 22.00 час. пријавителот Сабри движејќи се на ул. Б. Страчковски кон ул. Ј. Цурнов од страна на неколку НН сторители непознати за пријавителот без повод и причина го нападнале удирајки го со клоци и тупаници во пределот на левата рака и нога како и на десното рамо при што му нанеле телесна повреда модринки и расекотини на лева нога и рака.

За сите нарушувања изготвени се досиеа, планови со задачи и има изготвено пишани материјали од УПС за извршените проверки.

**Извршители**: ВБР и сите УПС од ПС ОН Велес, одговорен помошник комадир во ПС ОН Велес.

Од пријавените прекршоци поднесени се 112 барање за поведување прекршочна постапка за 131 прекршоци против вкупно 161 сторители на прекршоци за кои се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка, додека од нив 11 се малолетници. За дел од прекршоците за 10 малолетници е известен Центарот за социјални работи за понатамошно постапување и посредување со малолетните лица.

3. **ЗБСП и ЗВ**

ПС ОН Велес работеше на проблематиката во врска со безбедноста на сообраќајот и патиштата на целото подрачје согласно одредбите од ***Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата*** и ***Законот за возила***, а за таа цел се оствари целосна соработка со ПС за БПС Велес. Активностите на Полициските службеници од ПС ОН Велес пред се беа насочени кон регулирање на сообраќајот и паркирањето во центарот на градот, двата градски пазари (во пазарните денови) и улиците во непосредна близина на училиштата, а посебно се обрна внимание на безбедноста на учениците при преминувањето на пешачките премини во близина на училиштата.

Во однос на констатираните прекршоци издадени се вкупно 253 прекршочни платни налози за наплата на глоба. Од кои по ЗБСП вкупно се 219 а наплатени прекршочни платни налози се вкупно 95 и поднесени 109 барања за поведување на прекршочна постапка. Од ЗВ издадени се 34 прекршочни платни налози од кои 17 се наплатени, а за 16 се изготвени барања за поведување на прекршочни пријави.

| **Вкупно пријавени прекршоци по ЗБСП и ЗВ** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр | | 2023 | 2024 | Ред. бр | | 2023 | 2024 |
| 1 | Прекрш. платни налози по ЗБСП | **267** | **219** | 6 | Наплатени прекршочни по ЗВ | **10** | 17 |
| 2 | Поднесени барања по ЗБСП | **161** | **109** | 7 | Поднесени барања по ЗБСП или ЗВ против малолетници | | |
| 3 | Наплатени прекр. по ЗБСП | **150** | **95** | | | | |
| 4 | Издадени прекршочни платни налози по ЗВ | **18** | **34** | | | | |
| 5 | Поднесени барања по ЗВ | **5** | **16** | | | | |

4. <u>ЈАВЕН ПОРЕДОК</u>

*4.1 ЗАКОН ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ*

ПС ОН Велес вршеше надзор согласно овластувањата од Законот за приватно обезбедување. Помошник командирот во содејство со Самостојниот инспектор за ЈРМ од ОП Велес вршеа контрола над агенциите кои вршат приватно обезбедување и за констатираните состојби се известуваше кон Секторот за оружје, експлозивни и опасни материи, агенции за обезбедување и детективска дејност. УПС секојдневно вршеа контрола над лицата кои вршат приватно обезбедување во

училиштата и претпријатија, деловни објекти и други корисници на услуги. За констатираните состојби се поднесуваше пишан материјал.

Во наведениот период беа извршени 65 контроли по Законот за приватно обезбедување и притоа констатирани се 1 прекршок за кое е поднесено и барања за поведување на прекршочна постапка.

### 4.2 *ЗАКОН ЗА ОРУЖЈЕ*

Согласно одредбите од Законот за оружје, ПС ОН Велес во содејство со ОКП - ОНТ Велес работеше на откривање и документирање на прекршоци од горенаведениот закон. Против прекршителите се поднесени соодветни пријави.

По Законот за оружје констатирани се 5 прекршоци, издадени се 5 платни налози, за 5 прекршока се поднесени барања за поведување прекршочна пријава.

### *4.3 ЗАКОН ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА*

Согласно Закон за јавна чистота, Закон за заштита и унапредување на животната средина и природа и Законот за води, ПС ОН Велес работеше на отривање и фаќање на лица кои вршат прекршоци од наведените закони а за кои е предидена надлежност на полицијата. За таа цел се вршеа контроли на локациите каде во изминатиот период е констатирано фрлање на најразлични отпадоци и загадување на водите (патот кон Езеро Младост, патот кон стрелиштето, патот кон с.Раштани, теренот над нас.Керамидна и Реките Вардар, Бабуна и Тополка како и во градот ).

Констатирани се 2 прекршоци и поднесено се 2 барања за поведување на прекршочна постапка по Законот за јавна чистота до Основен суд Велес.

### *4.4 ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНА КАРТА*

Констатирани се 12 прекршоци и против сторителите поднесени се 12 барања за поведување на прекршочна постапка.

### 4.5 *ЗАКОН ЗА ЖИВЕАЛИШТЕ И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ НА ГРАЃАНИ*

ПС Велес при вршење на проверки за живеалиште и престојувалиште на граѓани и за време на редовните работни задачи констатираше и 1 прекршоци по законот за живеалиште и за истите се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка.

### 4.6 *ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НАСИЛСТВО НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ*

Во наведениот период извршени се 245 вонредни обезбедувања на спортски натпревари. Регистриран е 1 прекршок за кој и е поднесено и барање за поведување на прекршочна пријава.

## 5. КРИМИНАЛИТЕТ

Приоритет на ПС ОН Велес од областа на криминалитетот беше:

-Прибирање информации за потешките кривични дела со елементи на насилство (разбојништва, разбојнички кражби и сл.)

-Прибирање на информации и сознанија околу зачестените тешките кражби по возила, куќи и продавници и тешките кражби на дрзок начин на вториот и шестиот позорен терен, како и на подрачјето на Азотот кој го покрива ПК Богомила.

-Прибирање сознанија за криминалистичките обработки и контроли.

-Измамите со дрва, претежно врз постари лица, на подрачјето на Велес.

-Засилен надзор по отпадите на подрачјето на ПС Велес и утврдување идентитет на лица кои почесто продаваат метални предмети и проверки дали потекнуваат од извршени КД.

Според статистичките податоци на подрачјето на ПС ОН Велес евидентирани се ***вкупно 919 кривични дела***.

| | Дело | ПС ВЕЛЕС |
|---|---|---|
| Кривични дела | Разбојништво | 3 |
| | Разбојничка кражба | 2 |
| | Тешка кражба | 137 |
| | Тешка кражба на дрзок начин | 5 |
| | Тешка кражба во обид | 8 |
| | Кражба | 29 |
| | Кражба на дрва | 2 |
| | Кражба во обид | 2 |
| | Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас | 1 |
| | Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги | 19 |
| | Овозможување на употреба на наркотични дроги | 2 |
| | Неовластено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи | 16 |
| | Криумчарење на мигранти | 2 |
| | Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста | 5 |
| | Спречување службено лице во вршење службена должност | 3 |
| | Одземање на моторно возило | 10 |
| | Уништување или оштетување јавни инсталации | 6 |
| | Предизвикување на општа опасност | 12 |
| | Насилство | 6 |
| | Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница | 1 |
| | Тешка телесна повреда | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Измама | 11 |
| | Силување | 1 |
| | Силување на дете кое не наполнило 15 години | 2 |
| | Вонбрачен живот со дете | 1 |
| | Точење алкохолни пијалаци на деца | 3 |
| | Одземање малолетник | 1 |
| | Насилство врз дете | 1 |
| | Запоставување и малтретирање на малолетно лице | 2 |
| | Криумчарење на стока и предмети | 2 |
| | Загрозување на сигурноста | 10 |
| | Неизвршување на судска одлука | 3 |
| | Злоупотреба на лични податоци | 18 |
| | Повреда на работниот однос | 1 |
| | Узурпација на недвижности | 1 |
| | Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем – кр.дела од омраза | 4 |
| | Пустошење шуми | 1 |
| | Незаконит лов | 1 |
| | Незаконит риболов | 1 |
| | Загрозување на животната средина и природа со отпад | 2 |
| | Бесправно градење | 1 |
| | Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем | 17 |
| | Јавен превоз без лиценца | 3 |
| | Фалсификување на пари | 2 |
| | Уцена | 1 |
| | Фалсификување исправа | 6 |
| | Учество во тепачка | 2 |
| | Грабнување | 1 |
| | Демнење | 1 |
| | Злоупотреба на сл. положба и овластувања | 1 |
| | Загрозување на безбедноста на сообраќајот | 62 |
| | Тешки дела против безбедноста на имотот и луѓето во сообраќајот | 13 |
| | Неукажување на помош на лице повредено во сообраќајна незгода | 1 |
| | Телесна повреда при семејно насилство | 34 |
| | Тешка телесна повреда при семејно насилство | 3 |
| | Загрозување на сигурноста при семејно насилство | 23 |

Според статистичките податоци во 2024 година на подрачјето на ПС ОН Велес евидентирани се 510 (537)[1] кривични дела за кои до ОЈО се поднесени 342 (334)[2] кривични пријави против 463 (494) сторители. Во споредба со претходната година се бележи намалување на вкупниот број на кривични дела за -5%, намалување на бројот на пријавени сторители на кривични дела за -6,2%, а зголемување на бројот на поднесени кривични пријави за +1, 79 %.

Од вкупниот криминалитет 510 (537) најголем број на кривичните дела евидентирани се во областа на класичниот криминал 405 (453) кривични дела учествува со 79,41 %, во областа на економскиот криминал евидентирани се 28 (17) кривични дела и учествува со 5,49%, во организираниот евидентирани се 8 (13) кривични дела учествува со 1,57% и во недозволената трговија со дрога евидентирани се 69 (30) кривични дела учествува со 13,5%.

Од вкупно извршените дела 510 (537) со познат сторител се 284 (253) и преставува 55,69% од вкупниот број, а со непознат сторител 226 (284) и преставува 44,3 % од вкупната бројка на регистрирани кривични дела. Од вкупно извршени дела со НН сторител 226 (254) расветлени во извештаен период се вкупно 62 (119), расветлени од други години се вкупно 6 (34).

Извршени се вкупно 409 ***кривични дела кои се гонат по приватна тужба*** од кои 377 во Велес, 20 во ПК Градско и 12 во ПК Богомила. Расветлени се вкупно 35 кривични дела за кои се известени оштетените за водење на постапка по приватна тужба.

Од страна на УПС поднесувани се службени материјали по разни основи и тоа 7757 службени материјали.

-Во областа на организираниот криминал, ПС – ОН Велес во текот на 2024 година превзема мерки и активности насочени кон приоритетите на БЈБ при МВР на РСМ.

## 6. ОСТАНАТИ РАБОТИ

ПС ОН Велес постапуваше согласно телеграма бр. 38-82 од 05.09.2014 година од БЈБ при МВР на РМ, со која во 2014 година е отворена ***Оперативна акција со псевдоним „Гора“*** и криминалистичката обработка „Испратница“.

Во текот на редовното работење на патролните служби вршеа контрола на сите возила кои вршат транспорт на огревно дрво, со контрола на испратниците, лиценцата за транспорт и соодносот на бележењето на огревното дрво со транспортираната количина. Се вршеше фотографирање на документацијата која ја поседуваат превозниците и истата се доставуваше до ОКП - ОЕК Велес.

Во однос на ОА „Гора“ се преземаа мерки и активности и беа планирани акциски контроли и соодветно со околностите истите се реализираа во координација со Шумска Полиција и ЈП „Македонски шуми“.

Приоритет на теренот на ПС ОН Велес посебно се даде на теренот на селата: Бузалково, Слп, Карабуниште, Бреза, Ветерско, Рудник, Крива круша, Цидимирци,

[1] Кривични дела во 2023 година
[2] Кривични пријави во 2023 година

ридот Св.Илија, како и транспортот на дрвата низ подрачјето на ПС ОН Велес без соодветна документација.

Активностите по ОА „Гора" на целото подрачје на ПС ОН Велес ( без ПО Чашка):
-Планирани акциски контроли по ОА „Гора„ ......................6
-Редовни акциски контроли ..........................................................16
-Контролирани товарни моторни возила..................................13
-Патнички автомобили.......................................................................4

Против сторителите поднесени се соодветни пријави.

Согласно одредбите од ***Законот за заштита од пожари*** и *во* текот на 2024 година сите Полициски службеници од ПС ОН Велес имаа задача да прибираат сознанија за лица кои намерно подметнуваат пожари во населените места, а посебно во шумите со што се нанесуваат огромни материјални штети. Во планот за летната туристичка сезона беа определени конкретни задачи и извршители како мерките и активностите кои ќе ги превземе ПС ОН Велес во врска со заштита од пожари во летните месеци кога е и најголема опасноста од истите. Планот беше изготвен од страна на командирот на ПС ОН Велес.
На подрачјето на ПС ОН Велес во наведениот период регистрирани се вкупно 58 пожари од кои во Велес 41, на подрачјето на Градско се 10 и на подрачјето на Богомила се 7.

Во однос на шумските пожарите кои се случуваа на подрачјето на општина Велес во текот на 2024 година, поднесена е 1 кривична пријава против познат сторител поради основ за сомнение за сторено КД Предизвикување општа опасност.

Од нив 11 пожари се на патнички автомобили и еден пожар во куќа со смртни последици, од кои за 2 пожари од страна на ОКП – ООК при СВР Велес утврдено е дека се подметнати од лица познати на службата и за истите поднесени се кривични пријави поради основ за сомнение за сторено КД „Предизвикување општа опаснот".

Во текот на годината се примени 655 ***поплаки од граѓани*** од кои 49 случени при семејни несогласувања.

По сите поплаки е постапено, извршено е усно или писмено предупредување на лицата причинители на поплаките, или пак граѓаните се упатени до соодветната надлежна институција, а додека за 7 случаеви се со НН сторители.

Вкупно се предупредени 631 граѓаните, од кои усно 608 и писмено 23 лица, .

Извршени се вкупно 53 ***асистенции***, од тие дадени се 3 асистенции од страна на ПС Велес на овластените извршители, додека на други органи (Медицински центар при спроведување на болни и други институции) дадени се вкупно 50 асистенции, при истите не се регистрирани инциденти.

Извршени се 86 ***спроводи на лица***, изготвени се Наредби за вршење на служба и не е регистриран ниту еден инцидент.

УПС во ПС ОН Велес ги имаат реализирано следниве мерки и активности од примената на овластувањата:

- Повикани лица......................................................................................................432
- Приведени лица.................................................................................................... 123
- Задржани лица ...................................................................................................... 128
- Лишени од слобода .................................. 301 (од кои 13 се малолетни лица)
- Легитимирани лица ..........................................................................................1469
- Привремено одземени предмети ....................................................................338
- Пронајдени предмети ..............................................................................................81

Во наведениот период примени се 178 ***Наредби од судовите*** за приведување од кои 94 се приведени и 23 се спроведени до КПУ. Примени се 1156 ***барања за проверка на адреси*** од судовите и по други органи, каде за 1082 се дадени одговори.

Во 2024 година ПС ОН Велес имаше 42 случаи на ***употреба на средства за присилба*** од страна на полициските службеници. За сите случаи дадена е оценка дека е оправдана употреба на средства за присилба и изготвена е комплетна документација која по потреба е доставена до ОВККИПС.

ПС ОН Велес во 2024 година ги превзеде следниве овластувања преставени табеларно и споредбено со 2023 година. Во регистерот за дневни настани регистрирани се вкупно 8317 настани.

| ОВЛАСТУВАЊЕ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр | | 2023 | 2024 | Ред.бр | | 2023 | 2024 |
| 1 | Протести | **12** | | 16 | Спроводи | **79** | **86** |
| 2 | Јавни собири/ митинзи/друго | **63** | **63** | 17 | Легитимирани лица | **2324** | **1469** |
| 3 | Пос. обезбедување на личности | **26** | **41** | 18 | Повикани лица | **417** | **432** |
| 4 | | | | 19 | Приведени лица | **141** | **123** |
| 5 | Вонредно обезбедување Спорт | **205** | **245** | 20 | Приведени малолетници | **1** | |
| 6 | Упот. на средства за присилба | **50** | **42** | 21 | Задржани лица | **121** | **128** |
| 7 | Акц. контроли во угост. објекти | **55** | **43** | 22 | Задржани малолетници | | |
| 8 | Изв. контроли во УО | **40** | **10** | 23 | Лишени од слобода | **336** | **301** |
| 9 | Контроли по ЗПО | **85** | **65** | 24 | Лише. од слобода малолет. | **9** | **13** |
| 10 | Контроли закон за мин. суровини | | | 25 | Оств право на бра за малолет. | **3** | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Извршени контроли по РОА Гора | **20** | **16** | 26 | Оств. право на претставник од ЦСР за малолетник | | |
| 12 | Извршено содејство со инспекциски служби | **19** | | 27 | Вкупно пријавени ПОПЛАКИ | **999** | **655** |
| 13 | Акц.конт. по РОАГора | **2** | **6** | 28 | Предупредени лица | **1069** | **631** |
| 14 | контроли по закон за пушење | | | 29 | Усно предупредени | **1032** | **608** |
| 15 | Асистенции | **4** | **3** | 30 | Писмено предупред. | **37** | **23** |

## 7. ПРЕВЕНЦИЈА

Во рамките на соработката и градењето доверба на Полицијата со локалното население, ПС-ОН Велес Континуирано во соработка со Одделението за превенција спроведуваше активности во насока на подобрување на безбедносната состојба преку проектите:

-Заштити го својот дом,
-Застани и разговарај,
-Слави со срце, не користи оружје,
-Живеј без насилство,
-Мојот полицаец,
-Полицијата и граѓаните заедно,
-Безбедно лето,
- Пожари,
-Управувај безбедно земјоделски машини,
- Петарди не, безбедност пред се и други

Согласно прифатениот концепт за „Работа на полицијата во соработка со заедницата" во 2024 година ПС ОН Велес се стави во функција на решавање на локалните проблеми на заедницата преку активностите на Локалните совети за превенција - ЛСП и СГГ со цел да се изгради однос на доверба.

Со цел подигнување на безбедносната свест на граѓаните против пукање со оружје за време на новогодишните и божиќните празници, беа спроведени превентивни активности со истакнување на плакати во објекти на полициската станица, локалната самоуправа, средни училишта, маркети и други јавни места каде има голема фрекфенција на граѓани, и беа делени флаери при одржување на средби со граѓаните, едукативни работилници со ученици во средни училишта и други превентивни активности.

Достапно само за: Совет на општина Велес и ПС ОН Велес

| ПРЕВЕНЦИЈА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | | **2023** | **2024** | Ред. бр. | | **2023** | **2024** |
| 1 | Полицијата и граѓаните заедно | 10 | 23 | 7 | Управувај безбедно земјоделски машини | | 1 |
| 2 | Слави со срце не користи оружје | | 2 | 8 | Мојот полицаец | | 1 |
| 3 | Застани и разговарај со граѓаните (заштита од измам.) | 39 | 90 | 9 | Петарди не, безбедност пред се | | 10 |
| 4 | На кафе кај соседите | 1 | | 10 | Безбедно учество во сооб. | 1 | |
| 5 | Живеј без насилство | | 31 | 11 | др. тематски средби | 42 | 3 |
| 6 | Заштити го својот дом | 235 | 340 | 12 | Безбедно лето | 136 | 27 |

Работено е и по сите останати задачи кои тековно се добивани од БЈБ и повисоките старешини во СВР Велес.

Доставено до: - Совет на општина Велес
- ПС ОН Велес

**Одобрил:**
**Началник на СВР Велес Бране Паласков**

Изготвил: Заменик командир во ПС ОН Велес Стојанче Тембелески
Согласен: Началник на ОП Велес Игор Ѓоргоски